**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Бр. 08 - 501/6
19. 10. 23 год.

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 58 седница одржана на 12.05.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма „Меѓународно право и меѓународни односи", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" Свети Николе**

1. Се акредитира студиската програма „Меѓународно право и меѓународни односи", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" Свети Николе, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер на правни науки - меѓународно право и меѓународни односи /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Law - International law and international relations.
4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 508 Правни науки, Научно – истражувачка област: 50806 Меѓународно јавно право, 50815 Меѓународни односи и историја на дипломатијата.
5. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 30 студенти.
6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 02-38/2 од 27.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Меѓународно право и меѓународни односи", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за правни науки, Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" Свети Николе, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.13-32/1 од 31.01.2023 година (наш бр. 08 - 501/1 од 31.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формирана Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 501/3 од 25.05.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 58-та седница одржана на 12.05.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова